Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка а во врска со член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките, Собранието на акционерите на Банката, на својата седница на Вонредното собрание, одржана на 17.01.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за именување независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се именува лицето **Светослав Мичев.**

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ за именување независен член на Надзорниот одбор.

**Член 4**

По добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 5**

Одлуката ќе стапи во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Со оглед на истекувањето на мандатот на еден од независните членови на Надзорниот одбор на Банката, а имајќи ја во предвид обврската на Банката за одржување ба законскиот минимум на бројот на членови на Надзорниот одбор, Собранието на акционерите на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 02**
**17.01.2023 год.**
**СКОПЈЕ**

**Претседавач,**
**г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *